Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-560/1
04.07 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 153 од Законот за високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 178/2021 и 58/2024) и согласно со член 37 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст Скопје) Наставничкиот Совет на својата 49 седница одржана на 04.07.2025 го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## за реализација на студентска пракса за студентите на Бреинстер Некст Скопје

### Дефиниција

### Член 1

(1) Студентска пракса претставува организирана форма на практична обука на студентите, реализирана во соработка со деловен субјект, државна институција или орган, или невладина организација (во натамошниот текст: партнерска организација), со цел примена на знаењето стекнато за време на студирањето и развивање на практични и меки вештини поврзани со студиската програма на која студентот е запишан.

### Видови на студентска пракса

### Член 2

(1) Студентската пракса на Бреинстер Некст Скопје се организира преку следниве форми:

1. Студентска пракса како задолжителен или изборен предмет под наслов Деловна пракса;
2. Задолжителна студентска пракса како составен дел од дипломската работа, доколку е предвидена со актите на Бреинстер Некст Скопје;
3. Незадолжителна студентска пракса, иницирана од страна на студентите;
4. Други видови на студентска пракса утврдени со актите или одлуките на Бреинстер Некст Скопје.

### Предмет на уредување

### Член 3

(1) Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот, постапките и надлежностите поврзани со реализацијата на студентската пракса на студентите на Бреинстер Некст Скопје, вклучително но не ограничувајќи се на:

1. планирањето, организирањето и изведувањето на студентската пракса во рамки на студиските програми;
2. вклучувањето на студентската пракса во наставниот процес, како задолжителен или изборен предмет или како составен дел од дипломската работа;
3. можностите за учество на студентите во факултативна (незадолжителна) пракса и други видови на пракса предвидени со внатрешните акти;
4. улогата и надлежностите на Центарот за кариера и другите организациски единици на Бреинстер Некст Скопје во врска со организирање, следење и поддршка на праксата;
5. документите и административните процедури за упатување, следење и евидентирање на студентската пракса;

6. правата и обврските на студентите, партнерските организации и високообразовната установа;
7. времетраењето на студентската пракса;
8. доделување на ЕКТС кредити што студентите ги стекнуваат за студентската пракса ако истите се доделуваат согласно студиските програми на соодветните студиски програми, како и актите и одлуките на Бреинстер Некст Скопје.

**Центар за кариера**

**Член 4**

(1) Упатувањето на студентите на студентска пракса се врши преку Центарот за кариера во соработка со службата за студентски прашања, организациска единица во рамки на Бреинстер Некст Скопје, чија главна цел е обезбедување на поддршка за студентите и дипломираните студенти (алумни) во остварување на нивните кариерни цели преку советување и поврзување со индустријата.

**Надлежности на Центарот за кариера**

**Член 5**

(1) Центарот за кариера покрај надлежностите уредени со Статутот и одлуката за негово формирање е одговорен за:

1. обезбедување на студентска пракса за студентите во организација што одговара на студиската програма,
2. обезбедување на студентска пракса за студентите преку организирање на практикантска програма која се базира на работа на релевантни практични проекти во соработка со партнерските компании од индустријата (кои можат да се организираат во просториите на Бреинстер Некст Скопје, во просториите на партнерските организации или комбинирано),
3. контактирање со партнерските организации за обезбедување на студентска пракса,
4. објавување повици за студентска пракса до студентите на Бреинстер Некст Скопје,
5. подготвува меморандуми за разбирање и договори за соработка со домашни и меѓународни партнерски организации со цел обезбедување студентска пракса,
6. вршење редовно ажурирање на базата на партнерски организации кои обезбедуваат студентска пракса,
7. водење евиденција за реализираната студентска пракса на студентите,
8. подготвување и добивање од студентите документација за студентска пракса вклучително но не ограничувајќи се на: упатница, дневник за секојдневни активности, потврда за реализирана пракса и др потребна документација,
9. обезбедување на поддршка на студентите при креирање на биографија,
10. обезбедување на поддршка на студентите при креирање на мотивационо писмо,
11. обезбедување на поддршка на студентите при подготовка за интервју за работа,
12. организирање и реализација на проекти поврзани со кариера,
13. организирање на обуки за студенти,
14. организирање денови на кариера и саеми за вработување
15. вршење и други активности во интерес за студентите поврзани со подготовка и развој на нивната кариера.

**Документи за студентска пракса**

**Член 6**

(1) За реализирање на студентската пракса, Центарот за кариера, во соработка со студентот и преку административната служба на Бреинстер Некст Скопје, ги подготвува и обезбедува следниве документи:

1. Упатница за студентска пракса

   а) Упатницата претставува официјален документ потпишан од Директорот на Бреинстер Некст Скопје со кој студентот се упатува на студентска пракса во определена партнерска организација.

   б) Упатницата ги содржи следниве податоци:

   - име и презиме на студентот, број на индекс, студиска програма;
   - назив на партнерската организација каде што се реализира праксата;
   - периодот на изведување на праксата, кој не може да биде пократок од бројот на работни часови еквивалентни на ЕКТС кредити доделени за праксата, доколку такви се предвидени;
   - ЕКТС кредитите кои се доделуваат доколку такви се предвидени;
   - ментор од партнерската организација, доколку е определен.

   в) Упатницата се заверува со печат на Бреинстер Некст Скопје и се доставува до студентот, кој е должен да ја предаде на партнерската организација пред започнување на праксата.

2. Дневник за студентска пракса

   а) Дневникот претставува документ во кој студентот секојдневно ги евидентира активностите и задачите извршени за време на студентската пракса.

   б) Дневникот служи како основа за евалуација на практичниот ангажман на студентот и се пополнува редовно од страна на студентот.

   в) Дневникот се потпишува од страна на менторот или друго одговорно лице во партнерската компанија

3. Потврда за реализирана студентска пракса

   а) Потврдата е документ што ја издава партнерската организација по завршување на студентската пракса.

   б) Потврдата содржи следниве податоци:

   - назив на партнерската организација;
   - име и презиме на студентот, број на индекс;
   - точниот период на изведување на праксата;
   - потпис од одговорното лице и печат на организацијата.

(2) Бреинстер Некст Скопје ќе обезбеди стандардизирани урнеци (обрасци) за упатницата, дневникот и потврдата за реализирана студентска пракса, кои задолжително се користат при спроведување на праксата.

(3) Документите наведени во став (1) од овој член се задолжителни за следниве форми на студентска пракса утврдени во член 2 од овој Правилник:

1. студентска пракса како задолжителен или изборен предмет под наслов „Деловна пракса";
2. задолжителна студентска пракса како составен дел од дипломската работа.

(4) Документите наведени во став (1) од овој член не се задолжителни за незадолжителната студентска пракса иницирана од страна на студентите, како и за другите видови на студентска пракса утврдени во член 2 од овој Правилник. За овие видови на студентсски пракси, користењето на наведените документи е опционално и се врши согласно насоките и препораките на Центарот за кариера.

## Обврски на Центарот за кариера

### Член 7

(1) Центарот за кариера е надлежен за упатување во работата и следење на работата на студентот (практикант) за време на реализација на студентската пракса.

(2) Пред упатување на студентите на студентска пракса, вработените во центарот за кариера може да им помогнат на студентите со:

1. одржување консултации на кои што ќе им ги соопштат очекувањата и обврските што студентите треба да ги исполнат за време на студентската пракса,
2. одредување на практични проекти за студентите,
3. евалуација и оценување на определените проекти, ако истите се зададени
4. контактирање со менторите или со одговорните лица од партнерската организација во која се изведува студентската пракса.
5. други активности релевантни за успешноста на студентската пракса

## Обврски на партнерската организација која обезбедува студентска пракса

### Член 8

(1) Партнерската организација во која студентите се на студентска пракса ги има следните обврски:

1. да го запознае студентот со организацијата, внатрешниот ред и интерните процеси и процедури на партнерската организација
2. да обезбеди услови, задачи и/или проекти за изведување студентска пракса на студентите;
3. да определи ментори за студентите;
4. да ги пополни, провери или верифицира потребните документи за студентите кои реализираат студентска пракса.
5. да ја следи и оценува работата на на студентите.

## Обврски на студентите при студентска пракса

### Член 9

(1) Студентите пред да започнат со студентска пракса може да се консултираат со вработените во Центарот за кариера за:

1. можностите и изборот на партнерските организации за студентска пракса во зависност од студиската програма на која се запишани,
2. дефинирање на нивните интереси за изведување студентска пракса, истражување на опциите за професионален развој и подготвување професионална биографија и мотивациско писмо;
3. запознавање со процедурите за упатување на студентска пракса и со обврските што треба да ги извршуваат за време на студентска пракса.

(2) Студентите за време на студентска пракса ги имаат следните обврски:

1. обезбедување на упатница согласно одредбите на овој Правилник од Центарот за кариера и административната служба на Бреинстер Некст Скопје,
2. водење дневник за секојдневните активности за време на реализација на студентска пракса,

3. придржување кон внатрешниот ред, одговорно и совесно извршување на работните задачи,
4. почитување на работното време, кодексот на однесување и интерните акти на партнерската организација во која се изведува студентска пракса,
5. чување на сите податоци и информации кои ќе ги стекнат за време на студентската пракса како деловна тајна, да не се споделуваат со трети лица и да не се објавуваат јавно, освен ако не е поинаку договорено со партнерската организација во која се изведува студентска пракса.
6. обезбедување потврда што ја пополнува партнерската организација каде се упатени на студентска пракса по комплетирање на студентската пракса согласно одредбите на овој Правилник и поднесување на потврдата до административната служба на Бреинстер Некст Скопје.

**Времетраење на студентската пракса**

**Член 10**

(1) Времетраењето на студентската пракса се определува во согласност со видот и целите на праксата и вообичаено изнесува најмалку еден, а најмногу три месеци, при што може да се продолжи над три месеци доколку тоа е претходно усогласено меѓу студентот и партнерската организација и не е во во судир или неусогласеност со распоредот на наставата на соодветната студиската програма на Бреинстер Некст Скопје.

(2) Доколку студентската пракса е предвидена како задолжителен или изборен предмет во рамки на студиската програма, или како задолжителен дел од дипломската работа, таа мора да опфаќа најмалку број на работни часови колку што одговараат на бројот на ЕКТС кредити доделени за соодветниот предмет, во согласност со елаборатот и актите на Бреинстер Некст Скопје и надлежните државни органи.

(3) Студентската пракса може да опфаќа обучување во просториите на партнерската организација, на Бреинстер Некст Скопје, хибридно или на далечина (remotely).

(4) Студентска пракса покрај практичната работа и обука може да опфаќа и самостојна подготовка, практични вежби, практикантска програма како и изработка на задачи и проекти кои се во директна врска со практичната работа.

**Студентска пракса како задолжителен или изборен предмет „Деловна пракса"**

**Член 11**

(1) Студентската пракса која се реализира како задолжителен или изборен предмет со назив „Деловна пракса" се организира во соработка со партнерска организација во студиската година определена со програмата на соодветната студиска програма.

(2) За да биде упатен на студентска пракса од став (1) на овој член, студентот треба да ги исполнува следните услови:

1. Да има положено предмети во вкупна вредност од најмалку 135 ЕКТС кредити;
2. Да ги има положено сите предмети од прва и втора студиска година.

(3) Студентската пракса од став (1) задолжително трае најмалку број на работни часови колку што одговараат на бројот на ЕКТС кредити предвидени за предметот во рамките на студиската програма.

(4) Доколку студентот одбие да ја прифати понудената студентска пракса организирана од страна на Бреинстер Некст Скопје, студентот е должен самостојно да обезбеди соодветна студентска пракса која ги задоволува пропишаните услови од студиската програма и за тоа да ги информира Центарот за кариера и административната служба на Бреинстер Некст Скопје кои мора претходно да ја одобрат самостојно обезбедената студентска пракса.

### Задолжителна студентска пракса како дел од дипломската работа

**Член 12**

(1) Студентите кои изработуваат дипломска работа во која е вклучена задолжителна студентска пракса се должни да ја реализираат праксата во партнерска организација во согласност со темата на дипломската работа и правилата за изработка на дипломска работа за соодветната студиска програма определени во соодветниот акт на Бреинстер Некст Скопје.

(2) За да биде упатен на студентска пракса од став (1) на овој член, студентот треба да ги исполнува следните услови:

1. Да има положено предмети во вкупна вредност од најмалку 150 ЕКТС кредити;
2. Да ги има положено сите предмети од прва и втора студиска година.

(3) Времетраењето на праксата од став (1) трае најмалку број на работни часови колку што одговараат на бројот на ЕКТС кредити предвидени со правилата за изработка на дипломска работа за соодветната студиска програма определени во соодветниот акт на Бреинстер Некст Скопје, а во согласност бројот на ЕКТС кредити предвидени за предметот во рамките на студиската програма.

(4) Доколку студентот одбие да ја прифати понудената студентска пракса организирана од страна на Бреинстер Некст Скопје, студентот е должен самостојно да обезбеди соодветна студентска пракса која ги задоволува пропишаните услови од студиската програма и темата на дипломската работа и за тоа да ги информира Академскиот комитет, Центарот за кариера и административната служба на Бреинстер Некст Скопје кои мора претходно да ја одобрат самостојно обезбедената студентска пракса како дел од дипломската работа.

### Незадолжителна студентска пракса

**Член 13**

(1) Незадолжителната студентска пракса се реализира на иницијатива на студентите и се спроведува во периодот од јули до септември, во времетраење од најмалку еден, а најмногу три месеци.

(2) Право на загарантирана незадолжителна студентска пракса имаат студентите кои ги исполнуваат следните услови:

1. По завршување на првата студиска година, студентот мора да има положено предмети во вкупен обем од најмалку 50 ЕКТС кредити и да има минимална оценка осум (8) по предметот „Имплементација на решение 1";
2. По завршување на втората студиска година, студентот мора да има положено предмети во вкупен обем од најмалку 110 ЕКТС кредити и да има минимална оценка осум (8) по предметот „Имплементација на решение 2".

(3) Бреинстер Некст Скопје гарантира дека ќе обезбеди можности за незадолжителна студентска пракса за сите студенти кои ги исполнуваат условите од став (2) на овој член, при услов да го пријават својот интерес во Центарот за кариера или во службата за студентски прашања најдоцна до 31 март во тековната календарска година.

(4) Студентите кои не ги исполнуваат условите утврдени во став (2) од овој член можат да поднесат посебно барање до Центарот за кариера, во кое ќе ги наведат причините поради кои сметаат дека се способни да реализираат ефективна и релевантна студентска пракса. Центарот за кариера по разгледувањето на барањето носи писмена и образложена одлука за одобрување или одбивање на барањето.

## Одбивање на понудена студентска пракса

## Член 14

(1) За одбиена пракса, во смисла на овој правилник, ќе се смета секоја од следните околности:

1. студентот не одговорил навремено на пораките или повиците испратени од вработените во Центарот за кариера, службата за студентски прашања или административната служба на Бреинстер Некст Скопје, или
2. студентот не се појавил на закажано интервју за студентска пракса, или
3. студентот го напуштил интервјуто пред неговото завршување, или
4. студентот не ги почитувал роковите за испраќање на биографија (CV), аплицирање или закажување интервјуа, или
5. студентот не ја изразботил или не ја доставил тест-задачата добиена од партнерската организација, која претставува услов за учество во студентската пракса и средство за селекција на студентите, или
6. студентот самоволно ја прекинал праксата по нејзиното започнување, или
7. студентот експлицитно ја одбил понудената пракса со конкретна партнерска организација, или
8. студентот континуирано добива негативни оцени или негативни повратни информации од партнерските организации, во пет (5) или повеќе последователни случаи на интервјуа или други облици на евалуација.

(2) Студентите со просечна оцена еднаква на или повисока од 8,50 имаат право да одбијат најмногу една понудена пракса. Студентите со просечна оцена под 8,50 немаат право да одбијат студентска пракса предложена од Центарот за кариера.

(3) Доколку студентот го искористи дозволениот број на одбивања согласно став (2) од овој член:

а) кога се работи за студентска пракса како задолжителен или изборен предмет „Деловна пракса", студентот е должен да постапи согласно член 11, став 4 на овој Правилник;

б) кога се работи за студентска пракса како задолжителен дел од дипломската работа, студентот е должен да постапи согласно член 12, став 4 на овој Правилник.

в) кога се работи за незадолжителна студентска пракса, студентот го губи правото да биде препорачан за дополнителни можности за студентска пракса обезбедени од страна на Центарот за кариера, доколку ја одбие обезбедената студентска пракса. Во тој случај, студентот може самостојно да обезбеди соодветна студентска пракса, а доколку ја обезбеди, е должен да го информира Центарот за кариера, кој ќе обезбеди поддршка во поглед на логистиката и потребната документација.

## Доделување на ЕКТС кредити за студентска пракса

## Член 15

(1) За студентските пракси за кои согласно студиските програми и актите на Бреинстер Некст Скопје е предвидено доделување на ЕКТС кредити, истите се стекнуваат по исполнување на условите за реализација на праксата и доставување на следната комплетна документација:

1. Упатница издадена при упатувањето на практична настава согласно одредбите на член 6, став 1, точка 1 на овој Правилник.
2. Дневник во кој се евидентирани секојдневните работни задачи кои ги извршувал студентот согласно одредбите на член 6, став 1, точка 2 на овој Правилник.
3. Потврда за реализирана студентска пракса согласно одредбите на член 6, став 1, точка 3 на овој Правилник.

(2) Документацијата од став (1) на овој член студентите ја доставуваат до административната служба, која ја проверува нејзината комплетност и врши административно евидентирање на

стекнатите ЕКТС кредити во досието на студентот. Студентите се должни да ја достават документацијата од став (1) во рок од најдоцна 15 дена по завршување на студентската пракса.

## Преодни и завршни одредби

### Важност на документите за студентска пракса

**Член 16**

(1) Упатницата и дневникот за студентска пракса, определени согласно со одредбите на овој правилник, ќе се применуваат како задолжителни документи за спроведување и евиденција на студентската пракса започнувајќи од студиската 2025/2026 година.

(2) За студиската 2024/2025 година, упатницата и дневникот не се задолжителни. За да се признае реализираната студентска пракса, студентите се должни да достават само потврда за реализирана пракса издадена и потпишана од партнерската организација согласно одредбите на овој правилник.

### Важност на условот за минимална оценка при незадолжителна студентска пракса

**Член 17**

(1) Одредбите за минимална оценка осум (8) по предметите „Имплементација на решение 1“ и „Имплементација на решение 2“, утврдени во член 13 став (2) од овој Правилник, ќе се применуваат почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

(2) За студиската 2024/2025 година, за остварување право на загарантирана незадолжителна студентска пракса доволно е студентот да ги има положено предметите во минималниот вкупен обем од 50 ЕКТС кредити по првата студиска година, односно 110 ЕКТС кредити по завршување на втората студиска година, без примена на условот за минимална оценка од став (1) на овој член.

### Примена на правилникот

**Член 18**

(1) За примена на овој правилник одговорен е Центарот за кариера при Бреинстер Некст Скопје во соработка со службата за студентски прашања, а преку административната служба на Бреинстер Некст Скопје. Правилникот задолжително се доставува до Наставен совет, службата за студентски прашања, Центарот за кариера, академскиот координатор и архивата на Бреинстер Некст Скопје.

**Бреинстер Некст Скопје**

**Наставнички Совет**

**Директор**

**М-р Анја Марија Макеска**

Прилог бр.1

**ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА**
**САМОСТОЈНА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

· **BRAINSTER**NEXT COLLEGE ·

# ДНЕВНИК ЗА СТУДЕНТСКА ПРАКСА

Име и презиме на студент, број на индекс

Студиска програма: ______________________

**1. ПОДАТОЦИ ЗА СТУДЕНТОТ КОЈ ЈА РЕАЛИЗИРА СТУДЕНТСКАТА ПРАКСА**

Име и презиме
на студентот кој ја реализира студентската пракса:

________________________________________

Број на индекс:
на студентот кој ја реализира студентската пракса:

________________________________________

Студиска програма
на студентот кој ја реализира студентската пракса:

________________________________________

Период во кој
студентот ја реализира студентската пракса:

Од ____________________ До ____________________

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ПАРТНЕРСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО КОЈА СТУДЕНТОТ ЈА РЕАЛИЗИРА СТУДЕНТСКАТА ПРАКСА

Назив на партнерската организација
во која се реализира студентската пракса:

________________________________________

Седиште на партнерската организација
во која се реализира студентската пракса:

________________________________________

Област или дејност/сектор на партнерската организација
во која се реализира студентската пракса:

________________________________________

Назначен ментор во компанијата
во која се реализира студентската пракса:

________________________________________

## 3. ОПИС НА ПАРТНЕРСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО КОЈА СЕ РЕАЛИЗИРА СТУДЕНТСКАТА ПРАКСА

(краток опис на партнерската организација, односно секторот каде се реализира студентската пракса, историјатм област на делување, позначајни проекти и достигнувања, активности, референци, органограм и сл.)

## 4. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТСКАТА ПРАКСА

(Опис на активности во текот на работната недела - за секоја работна недела одделно)

Работна недела 1 - од __. __. 20__ до __. __. 20__

1. Работната задача/ проект на кој се работи
2. Работни средства кои се користат
3. Документација за работната задача
4. Предзнаења на студентот за работната задача
5. Стекнати знаења на студентот од работната задача

Работна недела 2 - од __. __. 20__ до __. __. 20__

1. Работната задача/ проект на кој се работи
2. Работни средства кои се користат
3. Документација за работната задача
4. Предзнаења на студентот за работната задача
5. Стекнати знаења на студентот од работната задача

Работна недела 3.....

## 5. РЕЗИМЕ

1. Краток опис од студентот на реализираната пракса (по завршување на праксата)

   Датум и потпис од студентот

2. Описна оценка од назначениот ментор од партнерската организација за реализираната студентска пракса

   Датум и потпис од менторот

Прилог бр. 2

До:
Бреинстер Некст Скопје
Ул. Васил Ѓоргов 19, Скопје
contact@next.edu.mk

**ПОТВРДА**

за реализирана студентска пракса

Компанијата/организацијата/институцијата Бреинстер Некст Скопје, со седиште на Ул. Васил Ѓоргов бр.19 Скопје потврдува дека ________________ студент на СВСШ Бреинстер Некст Скопје на студиската програма Софтверско инженерство и иновации со **број на индекс** ________, успешно ја реализираше студентската пракса во периодот од ________ година до ________ година

Оваа студентска пракса претставува имплементација на предметот Деловна пракса, задолжителен предмет во шестиот семестар (третата студиска година) на студиската програма Софтверско инженерство и иновации, кој носи 4 ЕКТС кредити согласно студиската програма.

Во дневникот за студентска пракса се наведени активностите и задачите кои студентот ги изведуваше за времетраење на студентската пракса, а нивната веродостојност е потврдена со своерачен потпис на назначениот ментор за студентската пракса определен од компанијата/организацијата/институцијата.

(место) и (датум)

Одговорно лице во компанијата
Име и презиме
Позиција

________________________

(потпис)

(печат)

Прилог бр.3

До:
Бреинстер Некст Скопје
Ул. Васил Ѓоргов 19, Скопје
contact@next.edu.mk

**ПОТВРДА**

за реализирана студентска пракса

Компанијата/организацијата/институцијата ______________________________, со седиште на ______________ потврдува дека ______________________ студент на СВСШ Бреинстер Некст Скопје на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии, успешно ја реализираше студентската пракса во периодот од ____________________ до ______________ .

Оваа студентска пракса претставува дел од предметот Дипломска работа, задолжителен предмет во шестиот семестар (третата студиска година) на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии, кој носи 7,5 ЕКТС кредити согласно студиската програма.

Во дневникот за студентска пракса се наведени активностите и задачите кои студентот ги изведуваше за времетраење на студентската пракса, а нивната веродостојност е потврдена со своерачен потпис на назначениот ментор за студентската пракса определен од компанијата/организацијата/институцијата.

(место) и (датум)

Одговорно лице во компанијата

______________________________

(потпис)

Прилог бр.4

До:
Бреинстер Некст Скопје
Ул. Васил Ѓоргов 19, Скопје
contact@next.edu.mk

**ПОТВРДА**

за реализирана студентска пракса

Компанијата/организацијата/институцијата ________________________________________, со седиште на ________________ потврдува дека ________________________ студент на СВСШ Бреинстер Некст Скопје на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии, успешно ја реализираше студентската пракса во периодот од ______________________________ до ____________________.

Во дневникот за студентска пракса се наведени активностите и задачите кои студентот ги изведуваше за времетраење на студентската пракса, а нивната веродостојност е потврдена со своерачен потпис на назначениот ментор за студентската пракса определен од компанијата/организацијата/институцијата.

(место) и (датум)

Одговорно лице во компанијата

________________________________

(потпис)

Прилог бр.5

**ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА**
**САМОСТОЈНА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

· **BRAINSTER**NEXT COLLEGE ·

Датум: ____________

Место: ____________

## УПАТНИЦА

за реализирање на студентска пракса

Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје го упатува студентот ________________ со број на индекс ___________ запишан/а како редовен студент во ___ семестар на прв циклус стручни студии по ______________ во студиската година ____________ на реализирање студентстка пракса со времетраење од ____________ до ____________ во партнерската организација ______________.

Компанијата може да контактира со раководителот на Центарот за кариера Јана Тодоровска, e-mail: jana@brainster.co за реализацијата на студентската пракса.

За реализација на студентската пракса, партнерската организација во која ги има следните обврски:

- да го запознае студентот со организацијата, внатрешниот ред и интерните процеси и процедури на партнерската организација
- да обезбеди услови, задачи и/или проекти за изведување на студентската пракса;
- да определи ментор за студентот;
- да ги пополни, провери или верифицира потребните документи за студентот кој ја реализира студентска пракса.
- да ја следи и оценува работата на на студентот.

Студентот за време на студентска пракса ги имаат следните обврски:

- водење дневник за секојдневните активности за време на реализација на студентската пракса,
- придржување кон внатрешниот ред, одговорно и совесно извршување на работните задачи,
- почитување на работното време, кодексот на однесување и интерните акти на партнерската организација во која се изведува студентска пракса,
- чување на сите податоци и информации кои ќе ги стекнат за време на студентската пракса како деловна тајна, да не се споделуваат со трети

лица и да не се објавуваат јавно, освен ако не е поинаку договорено со партнерската организација во која се изведува студентска пракса.

На студентот кој, според оценката на менторот или друго овластено лице, успешно ја завршил студентската пракса, партнерската организација во која таа се реализирала треба да му издаде заверена Потврда за реализирана студентска пракса, потпишана од нејзиното одговорно лице.

Студентот по добивање на потврдата за реализираната пракса, ја доставува до администрацијата на Бреинстер Некст Скопје и истата се чува во досието на студентот.

Доставено до:

- (партнерската организација)
- Студент ____________________
- Архива

Изготвил: Теодора Трендафиловиќ

Бреинстер Некст Скопје

Директор

М-р Анја Марија Макеска